**20150200411**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 февруари 2015 година.

Бр. 08-757/1
11 февруари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Со Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009,130/2009, 50/10, 52/10,  124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13 и 113/14) во членот 252 ставот (3) се менува и гласи:

„Надоместоците за извршената работа од договорите согласно ставовите (1) и (2) на овој член подлежат на плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување согласно со закон.”

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.